ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 1 ДАТА 13.01.2016 ГОДИНА 34

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 1 ДАТА 13.01.2016 г.

## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА СТАТУТ И ПРАВИЛНИЦИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ ПРИ ФФМ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ФУТСАЛ НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА**
**Седница од 04.01.2016 година**

- **Регистарација на фудбалери:**

ФК „КАРАОРМАН„ Струга: Коцоски С. Јован и Жаку С. Шербит, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ РЕСЕН**
**Седница од 03.01.2016 година**

- **Раскин на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Малдост АД„ од с. Царев Двор и фудбалерите: Елмазовски Илир и Вељаноски Тони ги раскинаа договорите за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Ресен, фудбалерите: Јилдис Ш. Окан и Куроки Кокен од Фудбалскиот клуб „Младост АД„ од с. Царев Двор, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ**
**Седница од 12.01.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АЛБАРСА„ Скопје: Фетаи Ф. Лавдрим, Мухареми А. Осман, Ариф Г. Илбер, Кенан А. Џелилов, по член 35/1.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинкскиот фудбалски сојуз Скопје, фудбалерот Ласовски Т. Петар од ФК „Македонија Ѓ́П 1932 АД„ од Скопје поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ**
**Седница одржана на ден 05.01.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СКОПЈЕ„ Скопје: Асипи М. Зејди од ФК „Скупи Промофоот„ од Скопје, по чл. 36/1.
ФК „СПОРТ ЕФЕ ВАРДАР„ Скопје: Хаџиќ Е. Макс, Павлески И. Марко, Јефтоски З. Христијан, Стојковиќ З. Никола, Николовски Д. Никола, Николовски И. Матеј, по член 35/1.

- **Раскин на професионален договор:**

ФК „Работничли АД„ од Скопје и фудбалерот Митров С. Иван го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС „Гази Баба„, фудбалерот Митров Иван од ФК „Работнички АД„ од Скопје, поради преминување во друг ОФС.

**Седница од 12.01.2016 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС „Гази Баба„ фудбалерот Мицевски Андријан од КМФ „Железарец„ Скопје, поради преминување во друг ОФС.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО**
**Седница од 12.01.2016 година**

- **Раскин на професионални договори:**

ФК„Силекс АД„ од Кратово и фудбалерите: Клечкароски Б. Игор и Рситевски Љ. Кирче ги раскинаа договорите за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 10-2009/1
30.12.2015 год.

ФФМ

Комисија за статут и правилници

Комисијата за статут и правилници на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Гоце Цветановски - претседавач, Бурим Сејдини- заменик претседавач, Иван Путилин-член, Горан Нациќ -член, постапувајќи по предлогот за поведување постапка за заштита на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ пр.бр. 24-1821/1 од 18.11.2015 година година поднесен од Здружение на млади спортисти Фудбалски клуб Академија Пандев од Струмица против одлуката бр. 824/11/2015 од 06.11.2015 година на второстепениот орган на Трета лига Исток врз основа на член 23 од Правилникот за организација на ФФМ и член 150 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 28.12.2015 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Се усвојува Предлогот за поведување постапка за заштита на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ пр.бр. бр. 24-1821/1 од 18.11.2015 година поднесен од Здружение на млади спортисти Фудбалски клуб Академија Пандев од Струмица против одлуката на Комисијата за жалби на ТФЛ Исток бр. 824/11/2015 од 06.11.2015 година.

2. Се укинува одлуката на второстепениот орган на ТФЛ Исток бр. 824/11/2015 од 06.11.2015 година со која се преиначува одлуката на Комесарот за дисциплина на ТФЛ Исток и ФК Плачковица од Радовиш за сторениот прекршок се казнува со 500 евра во денарска противвредност.
3. Предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување на второстепениот орган на ТФЛ Исток.
4. Одлуката е конечна да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Фудбалски клуб Академија Пандев од Струмица незадоволен од одлуката на второстепениот орган на Трета лига Исток бр. 824/11/2015 од 06.11.2015 година по добиени сознанија за донесената одлука како засегната страна достави Предлог за поведување постапка за заштита на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ пр.бр. 24-1821/1 од 18.11.2015 година .

Во предлогот предлагачот бара заштита на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ во врска со примена на материјалното право.

Комисијата пристапи кон утврдување на благовременост на предлогот и при тоа констатира дека надлежниот орган на Трета лига Исток не дал негативно мислење за благовременоста на предлогот . Комисијата констатира дека поднесувачот не е директно засегната страна и како таков не добил примерок од одлуката. По обзнанување на одлуката во билтенот на Трета лига Исток , поднесувачот во предвидениот рок го поднел барањето и поднесокот го таксирал со предвидената такса за поднесување на предлог за заштита на правилник.